Република Северна Македонија

**Државен архив на Република Северна Македонија**

Бр. 23 - 1243/1
Скопје, 28. 03. 2024 год.

Предмет: **Повик за доставување текстови за списанието „Македонски архивист" бр. 35-36**

Државниот архив објавува повик за доставување текстови (прилози) за новиот двоброј на меѓународното научно списание „Македонски архивист" бр. 35-36 во кое се објавуваат трудови од архивската теорија и практика, трудови од теоријата и методиката на проучување и користење пишани историски извори, претставување фондови од Државниот архив и од други архиви, статии со историска содржина, библиографии, сеќавања и др.

Овој двоброј ќе биде публикуван во 2024 година.

Трудовите треба да бидат напишани на македонски јазик или на еден од светските јазици (англиски, француски, германски и руски јазик). Апстрактот треба да биде напишан и на македонски и на англиски јазик независно од тоа на кој јазик е статијата.

Редакцискиот одбор на списанието „Македонски архивист" ве поканува да ги доставите вашите трудови на електронска пошта makedonski.arhivist@arhiv.gov.mk најдоцна до **29 мај 2024 г.** Наведениот рок треба да биде запазен од авторите при што Редакцискиот одбор ќе ги извести до **21 јуни 2024 г.** околу прифаќањето на поднесениот труд и за секој прифатен труд ќе определи рецензент, кој анонимно ќе го рецензира.

При пишувањето на трудот задолжително треба да се применуваат насоките од Упатството за подготовка на текстовите во списанието „Македонски архивист", кое се наоѓа на веб-страницата на Државниот архив.

Заинтересираните автори за дополнителни информации и консултации може да се обратат на електронската пошта makedonski.arhivist@arhiv.gov.mk

Со почит,

изработила,
м-р Биљана Крстевска
контролирала,
Назмије Куртиш
согласен,
м-р Марјан Гијовски

директор,
м-р Христа Најданов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ARKIVI SHTETËROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
СКОПЈЕ-SHKUP